РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
REPUBLIC OF NORTH MACEDONIA

АГЕНЦИЈА ЗА ЗАШТИТА НА ПРАВОТО НА СЛОБОДЕН ПРИСТАП ДО ИНФОРМАЦИИТЕ ОД ЈАВЕН КАРАКТЕР
AGJENCIA E MBROJTJES TË SË DREJTËS PËR QASJE TË LIRË NË INFORMACIONE ME KARAKTER PUBLIK
AGENCY FOR PROTECTION OF THE RIGHT TO FREE ACCESS TO PUBLIC INFORMATION

MQS Сертифициран систем според / Sistemi i çertifikuar sipas ISO 9001:2015 No. Q-1128/0

Бр./ Nr./ No. 04- 349/21 Скопје,Shkup,Skopje 26. 10. .2023 година/viti/year

Врз основа на член 52 од Законот за административни службеници („Службен весник на Република Македонија“ бр. 27/14, 199/14, 48/15, 154/15, 5/16, 142/16 и 11/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 275/19, 14/20, 215/21 и 99/22) и Записникот од работата на Комисијата за селекција за унапредување на административен службеник заради спроведување на интервју број 04-349/20 од 26.10.2023 година, Директорот на Агенцијата за заштита на правото на слободен пристап до информациите од јавен карактер донесе:

## О Д Л У К А
## за избор на кандидат по пат на Интерен оглас број 02/2023 за унапредување на 1 (еден) административен службеник

1. За извршител на работно место Помошник раководител на Сектор за управно-правни и општи работи во Сектор за управно-правни и општи работи, со звање Помошник раководител на сектор, се избира кандидатот **Василка Поп Ѓорѓиева**.

2. За именуваниот кандидат ќе се донесе решение за унапредување во рок од пет дена од по конечноста на оваа Одлука.

3. Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето.

## О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е

На ден 12.10.2023 година на веб страната на Агенцијата за заштита на правото на слободен пристап до информациите од јавен карактер и на веб страната на Агенцијата за администрација објавен е Интерен оглас број 02/2023 за унапредување на 1 (еден) административен службеник а по добиено Известувањето од Министерство за финансии со архивски број 18-10235/2 од 06.10.2023 година за обезбедени финансиски средства за унапредување.

Со Решение бр.04-349/18 од 24.10.2023 година формирана е Комисија за селекција за унапредување, која ја спроведе постапката за унапредување. По спроведената постапка за селекција Комисијата изготви Записник од административна селекција за интерен оглас бр.04-349/19 од 26.10.2023 година, Записник од работата на Комисијата за селекција за унапредување на административен службеник заради спроведување на интервју бр.04-349/20 од 26.10.2023 година и по спроведено интервју од страна на Директорот на Агенцијата, Комисијата ја изготви финалната ранг-листа од интервјуираниот кандидат и предлог

Бул. „Гоце Делчев“ бр.18 Скопје, П.Фах.561
Bul. "Goce Dellçev" nr.18 Shkup F.P.561
Blvd."Goce Delcev" no.18 Skopje, PO.Box.561
тел. / tel. / phone: +389 2 3127 453; +389 2 3118 038
факс / faks / fax: +389 2 3114 695
Web: http://www.aspi.mk
e-mail: aspi@aspi.mk

одлука за избор на прво рангираниот кандидат Василка Поп Ѓорѓиева со вкупно освоени 31,85 бодови за работното место Помошник раководител на Сектор за управно-правни и општи работи во Сектор за управно-правни и општи работи.

Имајќи го предвид горе наведеното, Директорот на Агенцијата за заштита на правото на слободен пристап до информациите од јавен карактер ја донесе оваа Одлука.

**Правна поука**: Против оваа одлука незадоволниот кандидат во рок од осум дена од денот на објавувањето има право да поднесе жалба до Агенцијата за администрација-Комисија за одлучување по жалби и приговори на административни службеници во втор степен.

**Директор,**

Пламенка Бојчева

**Доставено до:**
- Именуваниот и
- Архива.